**ООУ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ” с.ДАБИЉЕ**

**ОПШТИНА СТРУМИЦА**



# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО 2020-2024 год.

**Август, 2020 година**

# С О Д Р Ж И Н А


**1. Вовед**

**2.Лична карта на училиштето**

**3. Мисија на училиштето**

**4. Визија на училиштето**

**5. Подрачја на промени**

**6. Развојни цели**

- **Активности**
- **Временска рамка**
- **Индикатори**

**Вовед**

Развојниот план на училиштето “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље претставува организиран, систематизиран и институционализиран процес кој е континуиран и творечки процес.

Развојното планирање е неопходен процес во новите промени во воспитно-образовниот процес. Со реализација на приоритетите на училиштето меѓу кои стручно усовршување, подобрување на инфрастеруктурата ке се остварат целите, а тие се:

- Подобрување на наставата преку воведување на современи наставни форми на работа и нагледни средства,
- Зголемување на мотивацијата и одговорноста на наставниците и учениците за сопствено напредување.

Освен тоа, нашето училиште во развојното планирање самото е иницијатор и актер на сопствените промени. Јасно е дека развојниот план не е конечен и како таков, постојано е подлежен на мониторинг и по воочена потреба, тој може да се доработува или преработува.

**ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИ[ТЕТО**

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ „Св.Кирил и Методиј” |
| **Адреса, општина, место** | с.Дабиље, општина Струмица |
| **Телефон** | 034/346-871 |
| **Факс** | 034/346-871 |
| **Е-пошта** | skolodabile@yahoo.com |
| **Веб страна** | www.ooukim.edu.mk |
| **Основано од** | 27.11.1965 |
| **Верификација-број на актот** | 11-2551/1 |
| **Година на верификација** | 1986 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски |
| **Година на изградба** | 1948 |
| **Тип на градба** | Тврда |
| **Површина на објектот** | 750м² |
| **Површина на училишниот двор** | 5395м² |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 1404м² |
| **Училиштето работи во смени** | 1 смена |
| **Начин на загревање на училиштето** | Парно греење (нафта) |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 10 |
| **Број на смени** | 1 |

**ООУ"Св.Кирил и Методиј" с. Дабиље** е лоцирано на влезот од населеното место на магистралниот пат Струмица-Ново Село и е одалечено 5 км. од градот .

Дабиље е населба со 2000 жители со тенденција на опа|awe поради нискиот прираст на населението. Тоа се потврдува со тоа што се намалува бројот на учениците во споредба со претходните учебни години.

Најголем број на населението во тој крај е земјоделски, но поради близината на градот не е мал бројот на неземјоделски домаќинства.

Целокупното население се македонци.

Својата наобразба населението ја стекнува во образовните институции, основните училишта кои ги има во градот и населените места и трите средни училишта.

Училиштето во с.Дабиље започнало во месец декември во далечната 1944 година, а училишната зграда била изградена во 1948-1949 година.

Податоци за првата учебна година нема , но подоцна истражувачите можеле да констатираат дека голем број деца за прв пат седнале во ученичките клупи да читаат, пишуваат на својот мајчин јазик.

Од овие ученици произлегле многубројни кадри од различни профили, од квалификувани работници, лекари, професори, правници, економисти, музичари до доктори на наука.

## 1.1 Ресурси со кои располага училиштето

### Човечки потенцијал

Вработени се во училиштето 29. Воспитно - образовната дејност ја реализираат 21 наставника. Од вкупниот број на вработени 19 се со високо образование, а 6 со више образование,3 со средно образование, 1 со основно образование.

Од стручни служби училиштето има психолог, педагог, дефектолог – специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар. Со училиштето раководи директор, има секретар и двајца хигиеничари.

Директорот како педагошки раководител на училиштето во извршувањето на секојдневните наставни и воспитни задачи како и во изршување на програмските задачи има главна, комплексна и одговорна задача.

### Простор

**Воспитно - образовната дејност во ООУ "Св. Кирил и Методиј" село Дабиље се реализира во една училишна зграда.**

Училиштето располага со 10 училници со вкупно 328 $м^2$ и 749,20 $м^2$ училишен простор.
Во училиштето има услови за изведување на настава, но за современа настава- кабинетска просторноста не дозволува. Училиштето има само кабинет по информатика во кој учениците стекнуваат знаења од информатичката технологија и користеwe на интернет.

Училишната зграда е стара и е потребно реконструкција, но перманентно се води грижа за нејзино одржување и хигиено-техничките услови задоволуваат.

| | |
|---|---|
| *Вкупен број на училишни згради* | *1* |
| *Број на подрачни училишта* | *нема* |
| *Број на спортски терени* | *1* |
| *Број на катови* | *1* |
| *Број на училници* | *10* |
| *Број на помошни простории* | *3* |
| *Училишна библиотека* | *1* |

Во училиштето има библиотека со фонд на книги 9000, а наслови 3000. Училишната библиотека располага и со стручна литература.

## ПРЕМЕНОСТ СО НАГЛЕДНИ И НАСТАВНИ СРЕДСТВА

**Опременоста со наставни средства и технички помагала гледано во контекст на севкупната состојба во училиштето задоволува.Училиштето секоја година прави напори бројот на наставните средства да се зголеми.**

**Стратешката цел е подобрување на просторните и материјално техничките услови на училиштето.**

**Опременоста на училиштето со основен мебел и инвентар задоволува.**

ПРЕГЛЕДНОСТ НА НАСТАВНИТЕ СРЕДСТВА И ПОМАГАЛА

| Реден број. | Вид на средства | Број на средства |
|---|---|---|
| 1. | **Микроскоп** | 2 |
| 2. | **Графоскоп** | 1 |
| 3. | **ЛЦД проектор** | 1 |
| 4. | **Синтисајзер** | 1 |
| 5. | **Касетофон** | 3 |
| 6. | **Разгласна станица** | 1 |
| 7. | **Тв приемници** | 2 |
| 8. | | |
| 9. | **Фотокопир** | 1 |
| 10. | **Печатачи** | 6 |
| 11. | **Смарт тв со компјутери** | 10 |
| 12. | **Компјутери** | 1**0** |
| 13. | **Скенер** | 1 |
| 14. | **ДВД** | 1 |
| 15. | **Факс** | 1 |
| 16. | **Компјутери од Проектот компјутер за секој ученик** | 130 работни површини |

**1.2 Јаки страни на училиштето**

Од поважните ќе ги издвоиме следните силни страни на училиштето кои можат да влијаат на негов позитивен развој:

- Клима за работа
- Почитување на куќниот ред во училиштето
- Подготвеност за соработка со институции, установи, невладини организации и сл.
- Отвореност за соработка со родители

**1.3. Слаби страни на училиштето**

Од поважните ќе ги издвоиме следните слаби страни на училиштето кои можат да влијаат негативно и поради тоа мора да им се посвети особено внимание во следниот период:

- Потреба од дополнителни обуки на новиот наставен кадар и стручни соработници
- Недостиг на спортска сала

Нашето училиште како воспитно-образовна институција го поттикнува и обезбедува индивидуалниот развој на учениците и наставниците, ја развива свеста за правата и одговорностите, го негува меѓусебното разбирање и почитување, настојуваме да работиме според повисоки современи стандарди.

## Мисија на училиштето

**К** – КРЕАТИВНОСТ
**И** – ИНКЛУЗИВНОСТ
**Р** – РЕАЛИЗАЦИЈА
**И** – ИНОВАТИВНОСТ
**Л** – ЛИЧЕН И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ
**И** – ИНДИВИДУАЛИЗАЦИЈА
**М** – МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ
**Е** – ЕФИКАСНОСТ
**Т** – ТИМСКА РАБОТА
**О** – ОДГОВОРНОСТ
**Д** – ДИСЦИПЛИНИРАНОСТ
**И** – ИНТЕРАКЦИЈА
**Ј** – ЈАСНА ВИЗИЈА

## Визија на училиштето

***„Нашата визија е темелно да го иновираме воспитно-образовниот процес во сите сегменти, да го трасираме патот кон збогатено учење, градејќи училиште кое ќе биде безбедна и дисциплинирана средина и која ќе го подобри квалитетот на животот и односите во општеството во целост преку негување на хармонични односи меѓу припадниците на различни културни/етнички/јазични заедници, толеранција и меѓусебна соработка”.***

ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ И ПРИОРИТЕТИ

Општеството во кое живееме го карактеризираат бурни промени. Паралелно со оп{тите промени се наметнуваат и промени во образованието односно сеоп{тите промени се рефлектираат во образованието како оп{тествен потсистем.
Промените во образованието наметнуваат нови содржини, нови начини на работа, нови погледи, нови верувawa, нови однесувања на вработените во училиштето.
Имајќи го во предвид постојаното менување на потребите на учениците се менува и смислата на постоewето на училиштето.Училиштето покрај задоволување на барањата треба да ги задоволи и идните потреби на училиштето,
**Потребите на училиштето се условени со остварувawe на мисијата и постигнувawe на дефинираната визија.**
Со дефинирawe на визијата на училиштето се пристапи кон утврдување на подрачјата од животот и работата на училиштето во кои е потребно да се направат промени.

### Утврдување на потребите на училиштето

Од анализата на силните и слабите страни на училиштето, расположливите ресурси на училиштето и неговото опкруќувawe, имајќи во предвид дефинираната мисија и визија ги утврди потребите за промените на училиштето:

1. Подобрување на условите за работа во училиштето

   - Promena na кров
   - Реконструкција на фасадата со термо-изолациона фасада
   - Поставување нов асфалтен слој на спортскиот терен;
   - Поставување на биста за патронот на училиштето
   - Набавка на нов училишен инвентар (клупи и столови)
   - Изградба на спортска сала

2. Подобрување на квалитетот на наставата ;

### ЦЕЛИ НА УЧИЛИШТЕТО

Развојниот план на училиштето претставува организиран, систематизиран и институционализиран процес кој е континуиран и творечки.
Развојното планирање е неопходен процес во новите промени во воспитно-образовниот процес.Со реализација на приоритетите на училиштето меѓу кои стручно усовршување , подобрување на инфраструктурата ќе се остварат целите а тие се:

Преку воведување на современи форми на работа и нагледни средства, зголемување на мотивацијата и одговорноста на наставниците и учениците за сопствено унапредување.

**ЦЕЛ:**
**1.** Подобрување на условите за работа во училиштето
Од оваа цел ќе произлезат следните

**ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ:**

- Да се промени кровот на училиштето;
- Да се реконструира фасадата со термо-изолациона фасада
- Да се постави нов асфалтен слој на спортскиот терен;
- Да се постави биста за патронот на училиштето
- Да се набави нов училишен инвентар (клупи и столови)
- Иизградба на спортска сала

| **конкретна цел** | **активности** | **носители** | **време** | **индикатори за успех** | **извори на докази** | **евентуален придонес на активноста** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Да се направи увид за моменталната состојба по потребите за реконструкција во училиштето. | 1.Формирање на тим за увид | Стручна служба | Во текот на годината | Утврден приоритет за реконструкција | Извештај за моменталната состојба на училиштето | подобрување на условите за работа |
| 2.Да сеутврдат приоритети за рекнструктивни зафати | Издвоен приоритет | | Во текот на годината | Утврден приоритет за реконструкција | Извештај | |
| 3.Да се изготви проект за потребната реконструкција | Изготвуваwе на проект | | Во наредните 3 год. | Проект | Проект | |
| 4.Да се обезбедат финансиски средства | Аплицираwе за реконструкција | | Во наредните 5год. | | | |

**ЗАДАЧА:**
**Подобрување на квалитетот на наставата со примена на современи методи, форми на работа и наставни средства, со што очекуваме дека наставниот процес би се одвивал многу поквалитетно, при што корист ќе имаат самите ученици, родителите и општествената заедница**

**ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ:**

**Реализирање на настава со примена на активни методи и техники и современи нагледни средства со што очекуваме дека наставниот процес би се одвивал многу поквалитетно, при што корист ќе имаат самите ученици, родителите и општествената заедница.**

| **конкретна цел** | **активности** | **носители** | **време** | **индикатори за успех** | **извори на докази** | **евентуален придонес на активноста** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Реализирање на настава со примена на активни методи и техники и современи нагледни средства** | Избор на техники за одредени активности | Стручна служба, наставници | I полугодие | Примена на формите и методите | Анкети, прашалници, интервју | Зголемување на интересот и ангажираноста на наставниците |
| **Реализирање на настава со примена на активни методи и техники и современи нагледни средства** | Обезбедување на потребна стручна литература за примена на наставни методи и форми | Стручна служба, наставници | I полугодие | Обезбедена литература | Стручна литература | Зголемена креативност во наставата, |
| **Реализирање на настава со примена на активни методи и техники и современи нагледни средства** | Реализација на наставни методи и техники во текот на учебната година | Стручна служба, наставници, директор, ученици | Во текот на годината | Подобрен успех 10% во споредба со предходната учебна година | Тестови,интервју,посета на час | Зголемен интерес и креативност за време на часовите и подобрување на успехот за 10% |

**Директор,**

**Зоран Христовски**